РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за водите (*)**

Скопје, Февруари 2022 година

ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на досегашното спроведување на Законот за водите, досегашните спроведени инспекциски надзори во областа на водите, спроведените ревизорски извештаи во кои се констатирани одредени недостатоци и се дадени препораки кон надминување на истите се пристапи кон измени и дополнувања на Законот за водите.

Главни причини за измена и дополнување на законот произлегуваат од:

1. Потребата за допрецизирање и појаснување на одредени дефиниции во законот како и додавање на нови дефиниции со кои ќе се овозможи полесно и поефикасно спроведување на одредбите во законот;
2. Потребата за дополнување на постапките за издавање на дозволите за користење на водно право заради поефикасно спроведување на истите направени се одредени дополнувања;
3. Промена на постапката за заштита и подобрување на режимот на водите со вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела со нова дозволата за уредување и регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела согласно препораките и заклучоците дадени во ревизорскиот извештај на успешност на тема „Ефективност на политиките, мерките и активностите при експлоатација на чакал и песок од вардарскиот речен слив“;
4. Обезбедување на поголема транспарентност на постапката за доделување на концесии за користење на вода, како и обезбедување на документи врз основа на кои ќе може да се процени одржливоста на концесијата е причина за промена во постапките.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Главна цел на предлог на законот е допрецизирање и дообјаснување на одредени одредби од Законот со кои ќе се овозможи полесно и поефикасно спроведување на истиот.

Дел од решенијата во законот ќе овозможат разграничување и дефинирање на конкретните активности на одговорните органи и институции во спроведувањето на законот за водите. Дополнителното доуредување на одредбите на инспекцискиот надзор треба да доведат до поефикасен надзор во областа на водите.

Можноста за јавноста да се вклучи во постапката за доделување на концесија за користење на вода ќе овозможи поголема транспарентност на целиот процес, како и ќе ја зголеми одговорноста кај надлежните органи за почитување на обврските кои произлегуваат од законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на предлог на законот ќе предизвика позитивни финансиски импликации затоа што дел од надоместоците се менуваат, а се зајакнува и начинот на следење на нивната наплата.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот наметнува нови обврски во поглед на издавање на дозволите за водно право, како и за доделување на концесија за користење на водно право во однос на потребата за доставување на дополнителна документација чија подготовка ќе предизвика материјални/финансиски обврски за одделни субјекти.

## V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за водите се усогласува со :

- Рамковна Директива за води 2000/60/ЕС (CELEX 32000L0060) и
- Директива 2006/118/ЕС за заштита на подземните води од загадување и влошување на нивните состојба (CELEX 32006L0118).

## VI. ПРЕГЛЕД НА ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

- Уредба за случаите, како и условите и постапката за отстапување од целите за животната средина (член 95);
- Правилник за формата и содржината на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласна на животната средина (член 96);
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и на дозволата (член 142 – а);
- Правилник за формата и содржината на образецот и начинот на водење на дневникот (член 142-в);
- Правилник за формата и содржината на испратниците, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници ги пропишува министерот кој

раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на управувањето со водите (член 142-г);

- Правилник за формата и содржината на елаборатот од ставот (2) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на животната средина (член 198).

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ ( *)

### Член 1

Во Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) во членот 4 во ставот (1) точката 33 се менува и гласи:

„Водостопански услуги се сите услуги со коишто се обезбедува зафаќање, црпење, акумулирање, одведување, третман и дистрибуција на површинските или на подземните води, или собирање и прочистување на отпадните води кои се одведуваат во површинските води, како и услугите со кој се обезбедува подобрување на режимот на водите и заштита од штетно дејство на води.“

По точката 41 се додава точка 41-а која гласи:

„41-а. Агломерација е подрачјето во кое населението и/или стопанските активности се концентрирани во доволна мера за комуналната отпадна вода да се собира и да се канализира до постројките за пречистување на комуналните отпадни води или до крајната точка на испуштање;“

Во точката 44. зборот „меѓународни“ се заменува со зборот „прекугранични“.

Во точката 66 зборовите „одведување и“ се заменуваат со зборовите „одведување и/или“.

По точката 66 се додаваат нови точки 67 и 68 кои гласат:

„67. Поплава е привремено покривање со вода на земјиштето кое обично не е под вода и вклучува поплави од реките, пороите и езерата.

68. Еколошки проток е протокот што обезбедува квалитет, квантитет и временска дистрибуција на површинските и подземните води потребни за одржување на функциите и процесите на зависните екосистеми, од кои зависат и луѓето;“

### Член 2

---

( *) Овој закон се усогласува со Рамковната Директива за води 2000/60/ЕС (CELEX 32000L0060) и Директивата 2006/118/ЕС за заштита на подземните води од загадување и влошување на нивната состојба (CELEX 32006L0118).

Во членот 6 во ставот (3) по зборовите „испуштањето,“ се додаваат зборовите „изградба на објекти и поставување на инсталации во води “.

**Член 3**

Насловот на членот 9 се менува и гласи:

„Управување со водите на прекуграничнi речни сливови“.

Во членот 9 зборот „меѓународни“ се заменува со зборот „прекугранични“, зборот „меѓународниот“ се заменува со зборот „прекуграничниот“, а зборот „меѓународните“ се заменува со зборот „прекуграничните“.

**Член 4**

Во насловот на членот 10 зборот „Меѓународни“ се заменува со зборот „Прекугранични“.

Во ставот (1) зборот „меѓународните“ се заменува со зборот „прекуграничните“.

Во ставот (2) зборот „меѓународен“ се заменува со зборот „прекуграничен“ и зборот „меѓународниот“ се заменува со зборот „прекуграничниот“.

**Член 5**

Во членот 17 во ставот (2) по зборот „домаќинството“ се додаваат зборовите „по претходно известување на органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на управување со водите согласно членот 201 став (1) од овој закон“.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Мислењето од ставот (3) алинеа 3 од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на стручни работи од областа на управувањето со водите го издава врз основа на:

- имотен лист и копија од катастарски план на парцелите на местото каде ќе се зафаќа, односно црпи вода или документ со кој се докажува дека барателот е носител на друго стварно право врз парцелата;
-топографска карта во размер 1:25.000, со координатно позиционирање на местото на зафаќање односно црпење на вода; и
-пресметка на потребните количини на вода за наводнување согласно наводнувана површина и култура.“

**Член 6**

Во членот 21 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Подземните води кои врз основа на дозвола за користење на вода се користат за загревање преку апсорпција на топлинска енергија, треба да се вратат во истото тело од каде се зафаќаат, на начин и под услови утврдени во  дозволата.“

**Член 7**

Во членот 28 ставот (4) се менува и гласи:

„За објектите и за инсталациите за коишто е потребна дозвола од  ставот (1) точка 3) од овој  член,  а за кои со прописите за животната средина е определено дека е потребна А, односно Б -интегрирана еколошка дозвола, дозволата се прибавува под услови и на начин утврдени со прописите со кои се уредува издавањето на интегрираните еколошки дозволи“.

Во ставот  (5) зборовите “за инсталации во заштитено подрачје” се бришат.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

**Член 8**

Во членот 29 во ставот (2) зборовите „градежен објект и градежна парцела “ се заменуваат со зборовите „соседната парцела“.

**Член 9**

Во членот 30 во ставот (3) алинеја 3 по зборот „постројки“ се додаваат зборовите „кој особено содржи локација на објектот, хидролошки подлоги, хидраулични пресметки и режим на користење на водите, “.

По ставот (11) се додава нов став (12) кој гласи:

„(12) Во случај кога барањето се поднесува за користење на подземни води за апсорпција на топлинска енергија, кон барањето, покрај документите од ставот (3) и ставот (11) од овој член барателот доставува и проект за реинјектирање.“

По ставот (12) кој станува став (13) се додава нов став (14) кој гласи:

„(14) Во случај кога барањето се поднесува за користење на вода за хидрогеолошки истражувања за прибирање на податоци покрај документите од ставот (3) алинеи 1,2,5 и 6 на овој член, барателот доставува и елаборат за вршење на хидрогеолошки истраги и топографска карта во размер 1:25.000, со координатно позиционирање на истражно поле.“

**Член 10**

Во членот 33 во ставот (4) во точката 1) по зборот „управа“ се додаваат зборовите „и други институции“, а сврзникот „и“ се заменува со „;“.

Во точката 2) точката на крајот од реченицата се заменува со „;“.

По точката 2) се додаваат две нови точки 3) и 4) кои гласат:

„3) правните лица надлежни за снабдување со вода за консумирање од страна на човекот, за подрачјата за кои се воспоставени заштитни зони согласно членот 98 од овој закон и

4) правните и физичките лица кои согласно со прописите за заштита на природата се надлежни за управување со заштитените подрачја.“

**Член 11**

Во насловот на членот 37 зборот „меѓудржавни“ се заменува со зборот „прекугранични“.

**Член 12**

Во членот 38 во ставот (4) по бројот „1“ се додаваат зборовите „,3 и 4“.

**Член 13**

Во членот 40 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„ (2) Против решението со кое што се издава дозволата од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба согласно прописите за општа управна постапка во рок од 15 дена од денот на приемот, односно од денот на објавата на дозволата во водната книга.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

**Член 14**

Членот 41 се менува и гласи:

„(1) По издавање на дозволата од членот 26 став (1) заради проверка на исполнетоста на условите од дозволата, се врши преглед на објектите и постројките за што се издава потврда за извршениот преглед.

(2) За објектите и постројките од ставот (1) на овој член, кои согласно прописите за градење спаѓаат во прва категорија, прегледот го врши комисија формирана согласно прописите за градење.

(3) За објектите и постројките од ставот (1) на овој член, кои согласно прописите за градење спаѓаат во втора категорија, како и за објектите и инсталации за кои не е предвидено издавање на одобрение за градење, прегледот го врши Комисија формирана од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, составена од пет члена и тоа: еден член од Државниот инспекторат за животна средина, два члена од органот надлежен за вршење на стручни работи и два члена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(4) Дозволата од членот 26 став (1) на овој закон започнува да произведува правно дејство по добивањето на потврдата за извршениот преглед од ставот (1) на овој член и/или  одобрение за употреба на објектите и постројките согласно Законот за градење.

(5) Од моментот на издавањето на дозволата од членот 26 став (1) на овој закон до моментот на започнувањето на правно дејство на дозволата согласно со ставот (4) од овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина може, врз основа на барање на правно или физичко лице, да издаде дозвола за времено користење на водата од истото водно тело на коешто се однесува дозволата од членот 26 став (1) на овој закон.

(6) Членовите на комисијата од ставот (3) на овој член се избираат со мандат од две години со право на повторен избор на уште еден мандат.

(7) Комисијата од ставот (3) на овој член за својата работа донесува деловник.“

**Член 15**

Во членот 45 ставот (2) се менува и гласи:

„Кон барањето за изменување и дополнување на дозволата во случаите од ставот (1) точка 1) и 2) на овој член се приложува хидролошка студија, односно елаборат за извршени хидро-геолошки истражувања, изработени од правно лице регистрирано за вршење на тие дејности, како и документ за исправност на водата, односно потврда дека водата одговара за намената издадена од надлежен орган за безбедност на водата.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Кон барањето за изменување и дополнување на дозволата во случаите од ставот (1) точка 3) на овој член се приложува:
-основен проект за водостопански објекти и постројки, кој особено содржи локација на објектот, хидролошки подлоги, хидраулички пресметки и режимот на користење

на водите, изработен од страна на правно лице кое поседува лиценца за проектирање согласно со Законот за градење,
-ревизија на основниот проект од алинеја 1 од овој став, изработена од правно лице кое поседува лиценца за ревизија согласно со законот за градење.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) став (5).

**Член 16**

Во членот 46 во ставот (1) зборот „десет“ се заменува со зборот „шест“.
Во ставот (4) зборовите „шест месеца“ се заменуваат со зборовите „три месеци“.

**Член 17**

Во членот 49 во ставот (1) во точка (3) сврзникот „и“ се заменува со „;“, а точката на крајот од точка 4) се заменува со сврзникот „и“.

По точката 4) се додава нова точка 5) која гласи:

„5) се загрозува постигнувањето на целите на животната средина определени за планскиот период во Планот за управување со речниот слив.“.

**Член 18**

Во членот 50 во ставот (2) зборовите „надоместок на штета за изгубена добивка и“ се бришат.

**Член 19**

Во членот 51 во ставот (1) во точката 2) сврзникот „и“ се заменува со „;“, а во точката 3) точката на крајот од реченицата се заменува со „;“.

По точката 3) се додаваат две нови точки 4) и 5) кои гласат:

„4) не доставува податоци и пресметка за искористените количини на вода согласно член 213 став (32) од овој закон и
5) доколку носителот на дозволата не постапи согласно член 49 став (5) од овој закон во дадениот рок .“

Во ставовите (3) и (4) зборовите „точки 1 и 2“ се бришат.

**Член 20**

Во членот 52 во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „ исклучувајќи го правото на надоместок за изгубена добивка“.

**Член 21**

Во членот 54 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Кон образложениот предлог од ставот (2) на овој член се приложува физибилити студија за оправданоста на доделување на концесија за користење на вода изработена во согласност со прописите за доделување на концесии и јавно приватно партнерство.“

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„Образложениот предлог од ставот (2) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го доставува до Владата на Република Северна Македонија по претходно спроведена јавна расправа на физибилити студијата и обезбедено позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на земјоделството, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на економијата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на одбраната, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на културата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на внатрешните работи и Управата за заштита на културното наследство.“.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

**Член 22**

По членот 54 се додава нов член 54 -а кој гласи:

„Член 54 - а

Учество на јавноста во постапката за доделување на концесија

(1) Заради обезбедување на учество на јавноста во постапката за доделување на концесија за користење на вода, физибилити студијата од членот 54 став (3) се објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и на веб страницата на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на чие што подрачје се доделува концесијата.

(2) Во рок од 30 дена од денот на објавувањето на физибилити студијата, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина организира јавна расправа на која задолжително се покануваат претставници на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на чие што подрачје се доделува концесијата и претставници на здруженија на граѓани формирани за

заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.

(3) Јавната расправа се одржува во општината на чие подрачје се доделува концесијата за користење на вода, а доколку со постапката се опфатени повеќе општини истата ќе се одржи на локација која ќе ја определи органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина води записник од јавната расправа во кој се наведуваат учесниците, забелешки, мислења и предлози од учесниците, а кон записникот се приложува аудио или видео запис од расправата.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да го објави записникот од расправата на својата веб страница во рок од 5 дена од денот на одржување на јавната расправа.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 30 дена од денот на завршување на јавните консултации треба да подготви извештај за спроведените јавни консултации кој содржи поединечен или збирен одговор на сите пристигнати забелешки, мислења и предлози по физибилити студијата."

**Член 23**

Во членот 57 во ставот (1) во точка 1), во алинејата 2 бројот „50" се заменува со бројот „35", а во алинејата 3 бројот „30" се заменува со бројот „20"..

**Член 24**

Во членот 58 во ставот (2) алинејата 2 се менува и гласи:

„- годишен надоместок кој се плаќа секоја година во согласност со концесискиот договор.".

**Член 25**

Во членот 61 став (1) точката 2) се менува и гласи: „Водостопанска основа за интегрирано управување со води".

**Член 26**

Насловот на членот 63 се менува и гласи: „Водостопанска основа за интегрирано управување со води".

Во ставот (1) зборовите „Водостопанската основа на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите „Водостопанска основа за интегрирано управување со води“.

Во ставот (8) зборовите „Водостопанската основа на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите „Водостопанска основа“.

**Член 27**

Во насловот на членот 64 зборовите „на Република Северна Македонија“ се бришат.

**Член 28**

Во насловот и во членот 65 зборовите „Водостопанската основа на Република Северна Македонија“ се заменуваат со зборовите „Водостопанска основа“.

**Член 29**

Во членот 66 во ставот (4) во точката 5) зборовите „72, 90 и 93“ се заменуваат со зборовите „72, 90, 92 93 и 94 “.

**Член 30**

Во членот 70 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Доколку е усвоен план за управување со прекугарничен речен слив врз основа на меѓународен договор на кој Република Северна Македонија е договорна страна, планот за управување со подрачјето на речен слив на територија на Република Северна Македонија се усогласува со планот за управување со прекугарничен речен слив.“.

Член 31

Во членот 74 по став (1) се додава нов став (2) која гласи:

“(2) Органите на државната управа како и органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје кои, согласно со овој или друг закон, се надлежни за преземање на определени активности согласно програмата на мерки се должни самостојно или во согласност и/или соработка со друг надлежен орган, да ги преземаат сите потребни мерки заради остварување на целите на животна средина определни со Планот”

Ставовите (2), (3) и (4), стануваат ставови (3), (4) и (5).

**Член 32**

Насловот на членот 75 се менува и гласи:

„ Известување за спроведување на водостопанската основа, плановите за управување со речните сливови и Програмата на мерки “

Во членот 75 во ставот (1) се додава нова точка 1) која гласи:

„1) најмалку еднаш на шест години да ја известува Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на водостопанската основа;“.

Точките 1), 2) и 3), стануваат точки 2), 3) и 4).

Во ставот (2) се додава нова точка 1) која гласи:

„1) спроведување на Водостопанска основа во рок од 6 години од нејзиното донесување;“.

Точките 1), 2) и 3) стануваат точки 2), 3) и 4).

**Член 33**

Во членот 79 ставот (3) се менува и гласи:

„За објектите и инсталациите за кои е потребно добивање на А - интегрирана еколошка дозвола согласно прописите за животна средина, дозволата за испуштање ќе се издаде како дел од постапката за интегрирана еколошка дозвола и истата е дел од интегрираната еколошка дозвола во кое задолжително се внесуваат условите за заштита и управување со водите по претходно прибавено мислење од стручниот орган надлежен за управување со водите.“

Ставовите (4) и (5) се менуваат и гласат:

„За објектите и инсталациите за кои е потребно добивање на Б - интегрирана еколошка дозвола, органот надлежен за издавање на Б - интегрирана еколошка дозвола, задолжително прибавува мислење од надлежниот орган за издавање на дозволата за испуштање, во кое ќе бидат дадени условите за испуштање кои задолжително треба да се вградат како услови во Б -интегрираната еколошка дозвола.

Органот кој ја издава Б - интегрираната еколошка дозвола е должен да го информира органот кој ја издава дозволата за испуштање дека условите од

мислењето од ставот (4) се вградени во Б-интегрираната еколошка дозвола која се издава согласно прописите за животна средина.“

**Член 34**

Во членот 80 во ставот (7) во алинеја 4 по зборот „системот“ се додаваат зборовите „кој не е постар од шест месеци“.

**Член 35**

Во член 82 ставот (2) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (1) на овој член, како и на условите утврдени во дозволата од ставот (1) на овој член, согласно прописите за општа управна постапка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, односно од денот на објавата на дозволата во водната книга.“

**Член 36**

Членот 84 се менува и гласи:

(1) Дозволата од членот 79 став (1) на овој закон може да се изменува или да се дополнува, по службена должност, или на барање на носителот на дозволата доколку се промени:

1) квантитетот и/или квалитетот на водите што се испуштаат или
2) квантитетот и/или квалитетот на водното тело во кое се испуштаат водите, или
3) технолошкиот процес на работа.

(2) Кон барањето за изменување и дополнување на дозволата за испуштање во случаите од ставот (1) точка 1) и 2) на овој член се приложува хидролошка студија за водното тело во кое се испуштаат водите, изработени од правно лице регистрирано за вршење на таа дејност, како и документ од последната серија лабораториски анализи на отпадната вода, не постари од шест месеци.

(3) Кон барањето за изменување и дополнување на дозволата во случаите од ставот (1) точка 3) на овој член се приложува:
-основен проект за водостопански објекти и постројки изработен од страна на правно лице кое поседува лиценца за проектирање согласно со законот за градење,
-ревизија на основниот проект од алинејата 1 од овој став, изработена од правно лице кое поседува лиценца за ревизија согласно со законот за градење.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина измените и дополнувањата на дозволата за испуштање ги запишува во водната книга.

(5) Барање за измена и дополнување на дозволата за испуштање од ставот (1) од овој член, може да побара органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, како и друг орган кој има надлежности кои се поврзани со квантитетот и/или квалитетот на водата што се користи, вклучувајќи ги и субјектите кои врз основа на јавно овластување вршат активности поврзани со квалитетот и/или квантитетот на водата што се користи.“.

**Член 37**

Во член 85 во ставот (1) зборот „десет“ се заменува со зборот „шест“.

Во ставот (3) зборот „шест“ се заменува со зборот „три“.

**Член 38**

Во член 87 во ставот (7) зборовите „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „согласно прописите за општа управна постапка“.

**Член 39**

Во членот 89 во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „, исклучувајќи го правото на надоместок за изгубена добивка“.

**Член 40**

Во членот 90 во ставот (7) во точката 5) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со „;“, а во точката 6) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 6) се додава нова точка 7) која гласи:

„7) обезбедување на еколошкиот проток во водните тела.“

**Член 41**

Членот 95 се менува и гласи:

„(1) По исклучок, од целите на животната средина може да се отстапи привремено и под услов да не дојде до натамошно влошување на целите за квалитет на водното тело заради:

- техничка неизводливост која се состои од отстапување заради недостапност и непостоење на мерки и време за постигнување на целите на животната средина;
- еколошки аспекти што се однесуваат на природниот капацитет за прочистување и се состои во отстапување заради времето кое е потребно за постигнување на целите на животната средина и покрај примена на мерките;
- несразмерни трошоци што подразбира отстапување заради тоа што согласно извршена анализа за економска исплатливост, постигнувањето на целите би било несразмерно скапо;
- виша сила и вонреден настан што подразбира привремено отстапување од целите на животна средина како резултат на исклучителен и непредвидлив природен настан или виша сила како што се екстремни поплави и продолжени суши (условени од климатските промени) или резултат на околности што се должат на непредвидени настани коишто не можеле разумно да бидат предвидени;
- поради јавен или  општ интерес што подразбира отстапување од целите на животна средина заради остварување на повисок јавен и/или општ интерес и/или затоа што придобивките за животната средина и за општеството во постигнувањето на целите утврдени со овој закон се помали за животот и здравјето на човекот, безбедноста или за одржливиот развој.

(2) При утврдување на отстапувањето од целите на животна средина од став (1) од овој член за конкретното водно тело во планот за управување со речен слив се води сметка отстапувањето да не биде трајно и да го спречи или оневозможи постигнувањето на целите на животна средина утврдени со овој закон, за конкретното водно тело и други водни тела.

(3) Податоците и образложението за отстапувањето од целите на животната средина од ставовите (1) и (2) на овој член, како и планираните и преземените мерки за подобрување на квалитетот на водите и исполнување на целите на животната средина определени со овој закон, се составен дел на планот за управување со речен слив за секој плански период.

(4) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува случаите од став (1) од овој член, како и условите и постапката за отстапување од целите за животната средина.“

**Член 42**

Во членот 96 ставот (8) се менува и гласи:

„Формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина. “

**Член 43**

Во членот 99 во ставот (3) во алинеја 1 по зборовите „од областа на“ се додава зборот „техничките,“.

**Член 44**

Во членот 105 по ставот (2) се додава нов став (2) кој гласи:

„(3) Употребата на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и на биоцидални производи се врши во согласност со зонирањето на природните езера и акумулациите “.

**Член 45**

Во членот 108 ставот (3) се менува и гласи:

„Објектите и постројките од ставот (1) на овој член не може да се изградат или да започнат со работа ако не е прибавена интегрирана еколошка дозвола, мислење или согласности односно ако не се преземени мерки за спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции согласно Законот за животната средина или друг пропис доколку спречувањето и контролата на хавариите е уредено со посебен закон. “

**Член 46**

Во член 111 ставот (1) се менува и гласи:

„Заради заштита на подземни води се забранува секое директно испуштање на приоритетни материи и супстанции и загадувачки материи и супстанции определени согласно членот 92 од овој закон.“

Во ставот (2) по зборовите „супстанција“ се додаваат зборовите „, внесување загадувачки материи во подземните води“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„ По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, може со дозволата за испуштање да се дозволи испуштање на материите и супстанциите од ставот (1) од овој член заради реинјектирање во истиот аквифер на води што се користат за геотермални намени, води што се испумпуваат од рудници и каменоломи или води што се испумпуваат при градежни работи и во други специфични случаи уредени согласно став  (7) од овој член.“

Во ставот (4) зборовите „ставот (8) од овој член“ се заменуваат со зборовите „ членот 98 од овој закон“.

Во ставот (9) зборовите „директното и индиректното“, како и зборовите „за добивање на дозволите од ставовите (2) и (3) на овој член“ се бришат.

**Член 47**

Во членот 114 во ставот (1) во точката 1) по зборот „место“ се додаваат зборовите „за агломерации“.

**Член 48**

Во насловот на членот 120 зборовите „Минимум прифатлив“ се заменуваат со зборот„ Еколошки“.

Во ставот (1) зборовите “минимум” се заменува со зборот “еколошки”.

Во ставот (1) во точката 4) зборовите „членот 94“ се заменуваат со зборовите „членовите 90, 92 и 93.“

Во ставот (2) зборовите „минимум прифатлив“ се заменуваат со зборот „еколошки“.

Во ставот (4) зборовите „Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина“ се заменуваат со зборовите „Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошките работи“.

**Член 49**

Во членот 123 во ставот (2) зборовите „водостопанствата од членот 191“ се заменуваат со зборовите „водостопански објекти и постројки од член 163 став (1) точка 1)“.

Во ставот (4) зборовите „ водостопанствата од членот 191“ се заменуваат со зборовите „правните лица кои управуваат со водостопански објекти и постројки од членот 163 став (1) точка 1). “

**Член 50**

Во членот 126 во ставот (1) зборовите „водостопанството од членот 191“ се заменуваат со зборовите „правните лица кои управуваат со водостопански објекти и постројки од членот 163 став (1) точка 1)“.

Во ставот (6) зборот „водостопанството“ се заменуваат со зборовите „правните лица кои управуваат со водостопански објекти и постројки од член 163 став (1) точка 1) на овој закон“.

**Член 51**

Во членот 130 ставот (4) се менува и гласи:

„Известувањето за состојбата од ставот (1) на овој член се врши во согласност со прописите за заштита и спасување“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од хидрометеоролошки работи, пред настанување на критични водостои за бранетото подрачје, го известува центарот за управување со кризи за да дава прогноза за времето на доаѓање и висината на поплавните бранови.“

**Член 52**

Во членот 131 во ставот (1) во точката 3) зборот „фрла“се заменува со зборот „одлага“.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите на животната средина, согласноста од ставот (2) точка 3) на овој член ја издава врз основа на доставена предлог одлука, кон која се приложува:

- хидролошка студија за водотекот, изработена од правно лице кое поседува лиценца за проектирање согласно со Законот за градење,
- синтезен план во размер 1:1000, со координатно позиционирање и
- попречен пресек со ширина на крајбрежниот појас на водотекот.“

**Член 53**

Насловот на точката 5. од главата V. се менува и гласи „Заштита и подобрување на режимот на водите“.

**Член 54**

Насловот на членот и членот 142 се менува и гласи:

„ Заштита и подобрување на режимот на водите на површинските водни тела

(1) Заштитата и подобрувањето на режимот на водите на површинските водни тела се врши со уредување и регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела, односно водотеците, езерата и акумулациите.

(2) Надлежни органи за заштита и подобрување на режимот на водите на површинските водни тела од ставот (1) на овој член се:

- Акционерско друштво, Водостопанство на Република Северна Македонија на подрачјето на своето дејствување,
- правните лица кои управуваат со водостопански објекти и постројки од членот 163 став (1) точка 1) на овој закон, и
- единиците на локалната самоуправа во урбаните средини.

(3) Уредувањето на коритата и бреговите на површинските водни тела се врши врз основа на дозвола издадена од страна на стручниот орган согласно членот 142-а од овој закон.

(4) Регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела се врши врз основа на издадена водостопанска согласност согласно членот 174 од овој закон.

(5) Активностите за уредување и регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела од ставот (1) на овој член, можат да ги извршуваат правни лица кои да поседуваат лиценца за градење во согласност со Законот за градење.“

**Член 55**

Насловот на членот и членот 142-а се менува и гласи:

„Потребна документација за издавање на дозвола за уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела

(1) Дозволата за уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела се издава врз основа на поднесено барање за добивање на дозвола кое подносителот го доставува до стручниот орган.

(2) Со дозволата од ставот (1) на овој член се утврдува локацијата, начинот, предметите и средствата, како и времето на уредување, кое не може да биде подолго од две години.

(3) Барателот во прилог на барањето за уредување на коритата и бреговите на водотеците од ставот (1) на овој член ја доставува следната документација:
- техничка документација (основен проект, ревизија на основниот проект и геодетски елаборат) која особено содржи хидролошки и хидраулички пресметки за големите и малите води и за подземните води, траса, нивелета, хидраулички профил на коритото на водотекот или дел од него што претставува една регулациона целина, количеството на наносот, место за одлагање на речниот материјал и други податоци кои се од значење за режимот на водите и за заштита и унапредување на животната средина и природата;
- топографска карта во размер 1:25.000, со координатно позиционирање на локацијата каде се врши одржувањето и уредувањето на површинското водно тело;

- годишна проценка на проток согласно членот 133 од овој закон;
- ревизија на основниот проект од алинејата 1 од овој став изработена од правно лице кое поседува лиценца за ревизија согласно со Законот за градење и
- решение за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина односно решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежен орган согласно Закон за животната средина.

(4) Доколку се работи за уредување на бреговите на езерата и акумулациите техничката документација од став (3) алинеа 1 од овој член, особено содржи режим на осцилации на нивото на водата, количеството на наносот, влијанието на стабилноста на крајбрежјето и други податоци кои се од значење за режимот на водите и за заштита и унапредување на животната средина и природата.

(5) Решението за одобрување на елаборат за заштита на животната средина од ставот (3) алинеја 5 на овој член кое го издава општината, општините во градот Скопје или градот Скопје согласно со Законот за животната средина го прибавува овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина кое ја води постапката за издавање на дозвола за уредување на коритата и бреговите на водотеците, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ја побара документацијата од надлежниот јавен орган.

(6) Решението за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина кое го издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно решението за одобрување на елаборатот за заштита на животна средина кој го издава органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи од областа на животната средина согласно со Законот за животната средина, од ставот (3) алинеја 5 од овој член, овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина кое ја води постапката за издавање на дозвола за уредување на коритата и бреговите на водотеците, ги прибавува од службената евиденција на органот.

(7) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(8) Дозволата од ставот (1) на овој член се евидентира во водната книга од членот 160 од овој закон.

(9) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот на барањето и на дозволата од ставот (1) на овој член.“

**Член 56**

По членот 142-а се додава нов член 142-б кој гласи:

„Член 142-б

Постапка за издавање на дозволи за уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела

(1) Стручниот орган е должен, без одлагање да го објави на својата веб страница, и по еден примерок од барањето да достави до органите на државната управа и други институции засегнати од дејностите што ќе се вршат на предметната локација.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни во рок од 15 дена од приемот на барањето да му достават на стручниот орган мислење.

(3) Доколку субјектите од ставот (1) на овој член во рокот утврден во ставот (1) на овој член не достават мислење, се смета дека се согласиле со барањето.

(4) Стручниот орган од ставот (1) на овој член е должен во рок од 30 дена од денот на добивањето на барањето да донесе решение за издавање на дозволата, односно за одбивање на барањето за издавање на дозволата за уредување на коритата и бреговите на водотеците.

(5) Против решението од ставот (4) на овој член, може да се изјави жалба согласно прописите за општа управна постапка, во рок од 15 дена од денот на приемот, односно од денот на објавата на дозволата во водната книга.“

**Член 57**

Во насловот на членот 142-в зборот „дозволата“ се заменува со зборовите „дозволите за уредување“.

(1) Водостопанствата и единиците на локалната самоуправа на кои им е издадена дозвола за уредување на коритата и бреговите на водотеците, се должни да се придржуваат до условите во дозволата.
(2) Водостопанствата и единиците на локалната самоуправа на кои им е издадена дозвола за уредување на коритата и бреговите на водотеците, во кои е предвидено и вадење на песок, чакал и камен се должни да водат дневник во кој особено се евидентираат извадените количество на песок, чакал и камен врз дневна основа, локацијата од каде што се вади тој материјал, времето на вадење на материјалот и тип на механизација.
(3) Носителите на дозволата за уредување на коритата и бреговите на водотеците имаат обврска да доставаат геодетски елаборат за завршени активности

изработен од правно лице кое поседува лиценца од областа на геодезија до органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од три месеци од денот на завршување на активностите.

(4) Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина ги пропишува формата и содржината на образецот и начинот на водење на дневникот од ставот (2) на овој член."

**Член 58**

Насловот на членот и членот 142 -г се менува и гласи:

„ Постапување со извадениот материјал при уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела

(1) При уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела извадениот материјал може да се користи по следниот приоритет:

1. Да се постави/распореди во истото водно тело без извлекување на бреговите;
2. Да се искористи за заштитни водостопански објекти или за редовна или вонредна заштита од поплави, со или без претходно извлекување на бреговите;
3. Да се користи за изградба на објекти и изведување работи од значење за Република Северна Македонија, при што на носителот на дозволата ќе му се надоместат трошоците за вадење, превоз, одлагање и чување на материјалот.

(2) Извадениот материјал кој нема да се искористи согласно ставот (1) од овој член, може да се продаде на слободен пазар, преку јавно наддавање, при што продажната цена на материјалот не може да биде помала од пазарната продажна цена на материјалот определена во согласност со прописите од областа на минералните суровини.
(3) Во случаите од став (1) алинеја 3 и став (2) на овој член, носителот на дозволата е должен да го одложи извадениот материјал на одлагалиште согласно техничка документација.
(4) За количината на материјал од ставот (3) на овој член, кој се превезува до одлагалиште органот на управа надлежен за работите од областа на животната средина издава и заверува испратница и документ за одлагање на материјалот.
(5) Испратницата од ставот (3) на овој член се издава на носителот на дозволата во количини утврдени со дозволата и секое лице кое врши превоз на песок, чакал и камен е должно да ја поседува во моментот на превоз.
(6) За издадените и заверените испратници од ставовите (4) и (5) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на управувањето со водите води евиденција во регистар на издадени и заверени испратници.

(7) Формата и содржината на испратниците, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на управувањето со водите.
(8) Одребдите од овој член се применуваат и при издавање на водостопанска согласност за регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела, во согласност со членот 174 од овој закон.“

**Член 59**

Во членот 144 во ставовите (1), (2) и (3) зборовите „и на водите наменети за користење,“ се бришат.

**Член 60**

Во членот 145 во ставот (4) зборот Министерот се заменува со зборовите „На предлог на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошките работи, министерот“.

**Член 61**

Во членот 146 ставот (1) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на хидрометеоролошки работи е одговорен за целокупниот мониторинг на водните тела опфатени со државната мрежа, како и за реализација, работење, одржување и развој на државната мрежа.“

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (6) што станува став (5) зборовите „ и најмалку едно лице со високо образование од областа на здравствената заштита“ се бришат.

Во ставот (7) што станува став (6) по зборот здравството се додаваат зборовите „ и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството“.

**Член 62**

Во членот 148 ставот (11) се менува и гласи:

„Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството е должен да подготвува годишни извештаи за состојбата на водата

наменета за консумирање од страна на човекот и да ги објавува на својата веб страница.“

**Член 63**

Во членот 150 во ставот (8) зборовите „на секои две години“ се заменуваат со зборот „годишно“.

**Член 64**

Во членот 155 во ставот (1) зборовите „и физичките лица“ се бришат.

**Член 65**

Во членот 161 ставот (5) се менува и гласи:

„Катастарот на загадувачи е јавно достапен на веб-страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.“

**Член 66**

Членот 162 во ставот (2) зборот “меѓудржавни” се заменува со зборот “прекугранични”.

**Член 67**

Во членот 163 во ставот (1) во точката 1) по зборот „простори,“ се додава зборот „хидројаловишта“.

**Член 68**

Во членот 164 во ставот (2) точката 8) се менува и гласи:
„уредување и регулација на коритата и бреговите на површинските водни тела и “.

**Член 69**

Во членот 165 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„Правно или физичко лице коешто зафаќа вода од површински водни тела е должно да обезбеди непречено движење на рибите, за што треба да постави и одржува во исправна состојба соодветни постројки (рибни патеки) согласно најдобрите достапни практики или техники.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

**Член 70**

Во член 166 во ставот (2) по зборовите „врз водите“ се додаваат зборовите „и водните екосистеми“.

Во ставот (3) по зборовите „животната средина“ се додаваат зборовите „и Центар за управување со кризи“.

**Член 71**

Во членот 167 во ставот (1) во точката 8) по зборот „испуштаат“ се додава зборот „непрочистени“.

**Член 72**

Во членот 174 ставот (5) се менува и гласи:

„За објектите за кои е предвидено издавање на дозвола за користење, односно испуштање во вода, издадената дозвола во согласност со овој закон ја заменува водостопанската согласност. “

Во ставот (5) кој станува став (6) по зборот „вода“ се додаваат зборовите „и испуштање на води“.

**Член 73**

Во членот 176 ставот (5) се менува и гласи:

„Решение за одобрена студија за оцена на влијанието врз животната средина односно решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина издадено од надлежен орган согласно Закон за животна средина.“

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

**Член 74**

Членот 177 се брише.

**Член 75**

Членот 179 се менува и гласи:

„ (1) Водостопанската согласност престанува да важи доколку инвеститорот во рок од една година не обезбеди одобрение за градење согласно со Законот за градење.

(2) Водостопанската согласност престанува да важи со престанокот на важење на одобрението за градење.

(3) За објектите ставовите (1) и (2) од членот 174, за кои со Законот за градење не е предвидено издавање на одобрение за градење, водостопанската согласност престанува да важи по истекот на рок од две години од денот на издавање.“

**Член 76**

Во членот 183 во ставот (4) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „согласно прописите од областа на безбедност на храната.“.

**Член 77**

Насловот на членот 191 се менува и гласи: „Системи за наводнување и одводнување“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Користење, експлоатирање и одржување на хидросистемите или системите за наводнување и одводнување вршат водостопанства и други правни лица основани за тој и вид работа согласно со закон.“

**Член 78**

Членот 192 се брише.

**Член 79**

Во членот 198 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„Формата и содржината на елаборатот од ставот (2) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работата од областа на животната средина.“

Ставот (4) станува став (5).

**Член 80**

Во членот 200 во ставот (1) зборот „минимално“ се брише.

**Член 81**

Во членот 202 ставот (2) се менува и гласи:

„Во рок од еден месец од завршувањето на изградбата на бунарот, копачот на бунарот изготвува и доставува извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.“

**Член 82**

Во членот 208 ставот (2) се менува и гласи:

„Надоместокот за вадење на песок, чакал и камен не се плаќа ако извадениот песок, чакал и камен се употребува во согласност со член 142-г став 1 од овој закон.“

**Член 83**

Во членот 213 во ставот (13) алинеја 1 зборот „производствената“ се заменува со зборот „продажната“.

Ставот (16) се менува и гласи:

„Висината на надоместокот што се плаќа при флаширање на вода за комерцијални потреби изнесува 2% од утврдената цена на водата во јавен водоснабдителен систем.“

Ставот (18) се менува и гласи:

„Обврзникот од ставот (17) на овој член е должен да го уплати надоместокот од ставот (16) на овој член најдоцна 30 дена од денот на искористувањето на водата за флаширање, а го уплатува на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, еднаш месечно.“

Во ставот (23) бројот “3%” се заменува со бројот “1%”.

По ставот (31) се додава нов став (32) кој гласи:

„Обврзниците од овој член кои користат вода се должни еднаш годишно во периодот од 01 до 31 март во тековната година за претходната година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да достават податоци за пресметани и уплатени надоместоци за искористени води за претходната година.“

Ставовите (32) и (33) стануваат ставови (33) и (34).

**Член 84**

Во член 214 по ставот (12) се додава нов став (13) кој гласи:

„(13) Обврзниците од овој член кои испуштаат отпадни води се должни еднаш годишно во периодот од 1 до 31 март во тековната година за претходната година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да достават податоци за пресметани и уплатени надоместоци за испуштени води за претходната година. “

**Член 85**

Во членот 215 ставот (2) се менува и гласи:

„Обврзник за плаќање и пресметување на надоместокот од ставот (1) на овој член е носителот на дозволата за уредување и водостопанска согласност за регулација коритата и бреговите на површинските водни тела со кои е предвидено вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела. “

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„Обврзникот од овој член е должен еднаш годишно во периодот од 1 до 31 март во тековната година за претходната година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина да достави податоци за извадениот песок, чакал и камен и пресметка на надоместокот во претходната година.“

Ставот (6) станува став (7).

Во ставот (7) кој станува став (8) во алинејата 2 знакот „;“ се заменува со сврзникот „и“, во алинејата 3 сврзникот „и“ се заменува со точка, а алинејата 4 се брише.

**Член 86**

Во членот 218 ставот (2) се менува и гласи:

„Непосредната реализација на средствата од Програмата за управување со води ја врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.“

Во ставот (3) зборовите „ а врз основа на извештаите од органите од ставот (1) на овој член “ се бришат.

Ставот (4) се брише.

Ствовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (4), (5) и (6).

**Член 87**

Во членот 223 по ставот (9) се додава нов став (10) менува и гласи:

„(10) Членовите на советот и советот за управување со делови од подрачје на речен слив се избираат со мандат од времетраење од 6 години. “

Ставот (10) станува став (11).

**Член 88**

Во членот 229 во ставот (1) „и државните инспектори за животна средина“ се заменуваат со зборовите „државните инспектори за природа и државните инспектори за животна средина.“

**Член 89**

Во членот 230 во ставот (1) по точката 4) се додава нова точка 4-а):

„4-а) изврши контрола и увид дали кај за дејностите и активностите е прибавена потребната дозвола согласно членовите 26 и 28 од овој закон;“

**Член 90**

Членот 231 се брише.

**Член 91**

Во членот 232 во ставот (1) во точката 24 зборовите „минимум прифатлив“ се заменуваат со зборовите „еколошки“.

**Член 92**

По членот 232 се додава нов член 232-а кој гласи:

„2.3. Државен инспектор за заштита на природата

Член 232-а

**Делокруг на државен инспектор за заштита на природата**

(1) Државниот инспектор за заштита на природата има право да врши надзор на водите кои се наоѓаат во заштитените подрачја согласно Законот за заштита на природата и со овој закон;

(2) При вршење на инспекциски надзор државниот инспектор за заштита на природата со решение :

1. ќе определи мерки со цел да се отстранат причините за настанувањето на загадувањето на водите во заштитените подрачја;

2. ќе нареди да се отстранат штетните последици што настанале со загадувањето и доведување на водите во заштитените подрачја во претходна состојба;
3. ќе определи мерки за превенција и за отстранување на загадувањето и враќање на состојбата на водите во заштитените подрачја во задоволителна состојба;
4. ќе забрани спроведување на активности во заштитени подрачја кои вршат загадување на водите;
5. ќе ја забрани работата на објектите, постројките и инсталациите, поради испуштањето отпадни води или фрлање материи и супстанции во водите на заштитените подрачја, се до надминување на недостатоците и
6. ќе нареди отстранување на недостатоците што ќе ги утврди при вршењето на надзорот и ќе определи рок за нивно остранување;

(3) Во вршењето на работите од својот делокруг, инспекторот има право на преземање активности утврдени со Законот за заштита на природата и Законот за животната средина.

**Член 93**

Во членот 233 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Овластен инспектор за животна средина на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје (во натамошниот текст: овластен инспектор) над подрачјето на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје има право да изврши:

1) контрола и утврди дали за субјекти кои вршат дејности и активности кои согласно Законот за животна средина се во надлежност на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, е прибавена потребната дозвола согласно со членовите 26 и 28 од овој закон;
2) контрола и утврди дали водата се користи согласно со условите утврдени во издадената дозвола за користење на води;
3) контрола и утврди дали со дејствието или активноста се постапува спротивно на општата забрана од членот 77 на овој закон;
4) контрола и утврди дали правното или физичкото лице поседува дозвола за испуштање (член 79);
5) контрола и утврди дали водите се испуштаат на начин и во услови како што се пропишани согласно со дозволата за испуштање (член 83);
6) контрола и врши надзор над заштитата на зоните за капење од загадување и над активностите кои можат негативно да влијаат врз погодноста на водата за капење (член 101);
7) контрола и утврди дали објектите и постројките кои работат со опасни материи и супстанции постапуваат согласно со членот 108 од овој закон;
8) контрола и утврди дали испуштањата на отпадни води се врши согласно член 110 од овој закон;

9) контрола и утврди дали се постапува согласно член 111 од овој закон во врска со директно и индиректно испуштање во подземни води;
10) изврши контрола и утврди дали се спроведува предтретман на индустриските отпадни води (член 116);
11) контрола над канализационите системи, одводните системи и септичките јами на подрачјето на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје кои се испуштаат во канализационите системи (член 113 став (3));
12) надзор над собирањето, спроведувањето, прочистувањето и испуштањето на отпадните води од домашни ефлуенти, собраните поројни води од атмосферски врнежи во урбанизирани области (член 114);
13) контрола и утврди дали се обезбедува минимум прифатлив проток на вода и ниво на подземната вода (член 120);
14) надзор над собирањето, спроведувањето, прочистувањето и испуштањето на отпадните води од индустриски ефлуенти од субјекти кои поседуваат Б интегрирана еколошка дозвола или одобрени елаборати за животна средина, кои согласно со Законот за животната средина се во надлежност на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје;
15) контрола и утврди дали се спроведува оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје согласно со член 126 од овој закон;
16) контрола и утврди дали се постапува согласно со членот 131 од овој закон;
17) контрола и утврди дали се преземаат мерки за заштита од ерозии согласно со членот 137 став (1) од овој закон;
18) контрола и утврди дали се преземаат мерки за уредување на пороите (член 141);
19) контрола и утврди дали се преземаат мерки за заштита од порои согласно член 141 став (4) од овој закон;
20) контрола над спроведувањето на мониторингот на водите и доставувањето на информации од водни тела опфатени со локалната мрежа (член 146 став (2));
21) контрола и увид дали мониторингот на квалитетот и квантитетот на водните тела се спроведува согласно член 147 од овој закон;
22) контрола над спроведувањето на мониторингот на водите и доставувањето на информации од зоните за капење (член 146 став (5) и член 149));
23) контрола над спроведувањето на мониторингот на испуштање на отпадни води и доставувањето на информации од (член 150);
24) контрола и увид дали се доставуваат податоци за водење на катастарот на загадувачи (член 161 став (3));
25) надзор над преземањето на потребните мерки за развивање и одржување на ефикасен и економичен систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата на сите законски корисници (член 185);
26) надзор и контрола над употребата на водите за пиење и капење и утврди дали постои злоупотреба и ненаменско користење на водите за пиење и капење во своето подрачје (член 189);

27) надзор и контрола над спроведување на забраната за наводнување и напојување на добиток (член 193);
28) изврши контрола на квалитетот на отпадните води што се испуштаат и
29) други работи утврдени со закон или друг пропис.“

**Член 94**

Поглавјето 2.4 се менува и гласи:

„2.4. Постапување на водостопанскиот инспектор, државниот инспектор за животна средина, државен инспектор за заштита на природата и овластениот инспектор за животна средина.“

Насловот на членот 234 се менува и гласи:

„Постапување на водостопанскиот инспектор, државниот инспектор за животна средина, државен инспектор за заштита на природата и овластениот инспектор за животна средина„

Во членот 234 ставот (1) се менува и гласи:

„Покрај одредбите од овој закон, при вршењето на инспекцискиот надзор водостопанскиот инспектор, државниот инспектор за животна средина или овластениот инспектор за животна средина (во натамошниот текст: инспекторот) соодветно ги применуваат одредбите од Законот за животната средина, Законот за заштита на природата и Законот за инспекцискиот надзор.“

**Член 95**

Во членот 235 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Во вршењето инспекциски надзор од својот делокруг, санитарно-здравствениот инспектор врши:

1) контрола и увид дали е извршено означување на заштитните зони на водата наменета за консумирање од страна на човекот и на режимот во заштитните зони на водата наменета за консумирање од страна на човекот (членови 98 и 100);

2) контрола и увид дали е извршено означување на зоните за капење и дали се почитува режимот во водите за капење (член 101);

3) контрола на заштитата и квалитетот на водите за капење и рекреација (член 104);

4) контрола на спроведување на одредбите од член 181, 182, 183, 184, 185, 186, 187, 188, 189 и 190 од овој закон кои се однесуваат на води наменети за консумирање од страна на човекот;

5) контрола над спроведувањето на мониторинг на водите наменети за консумирање од страна на човекот и доставувањето на информации (член 146 став (4) и член 148)) и

6) контрола и увид дали мониторингот на квалитетот и квантитетот на водните тела се спроведува согласно член 147 од овој закон.“

**Член 96**

Во членот 237 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Во вршењето инспекциски надзор од својот делокруг, државниот инспектор за земјоделство има право да врши:

1) контрола и утврди дали се спроведуваат препораките за добра земјоделска пракса во зоните чуствителни на нитрати (член 102 став (1));
2) контрола и утврди дали се спроведуваат мерките утврдени во оперативниот план за заштита на водите од загадување предизвикана од нитрати од земјоделски извори (член 102 став (3));
3) контрола и утврди дали се користат вештачки ѓубриња, средства за заштита на растенијата и на биоцидални производи спротивно на членот 105 став (2) од овој закон;
4) контрола над спроведувањето на мониторинг на водите за наводнување (член 151);
5) контрола над спроведувањето на мониторинг на водите за одводнување на земјиште (член 152);
6) контрола и увид дали мониторингот на квалитетот и квантитетот на водните тела се спроведува согласно член 147 од овој закон;
7) да изврши контрола на активностите и дејностите на водостопанствата од член 191 од овој закон и
8) дали се почитува забраната за користење или употреба на водите за наводнување и напојување на добиток (член 193).“

**Член 97**

Поблиските прописи за извршување на овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегува во сила на овој закон.

**Член 98**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со измените и дополнувањата на Законот за водите се врши измени и дополнувања на одредбите во Законот за водите со цел полесно и подобро спроведување на законот.

Во членот 4 со кој се врши додефинирање на одредени дефиниции од законот.

Во членот 6 се врши допрецизирање на членот.

Во членот 7 се додава нов став (4) со кој се уредува обврската на органите на државната управа да преземаат активности согласно Програмата на мерки самостојно или во соработка со други органи.

Во членот 9, 10, 37, се врши допрецизирање на терминологијата односно наместо меѓународни се врши прецизирање со „прекугранични“. Исто така се додаваат и нови дефиниции за „еколошки проток“ и „поплава“.

Измените и дополнувањата на членот 17 се во насока на прецизно утврдување на начинот на кој може да се користи подземна вода за лични потреби и за потребите на домаќинствата. Имено, со измените и дополнувањата на законот се воведува обврска за доставување на барање до Управата за животната средина при Министерството за животна средина и просторно планирање и се детално наведени документите кои е потребно да се достават во прилог на барањето.

Во членот 21 се додава нов став (3) со кој се дефинира дека подземните води кои врз основа на дозвола за користење на вода се користат за загревање преку апсорпција на топлинска енергија, треба да се вратат во истото тело од каде се зафаќаат, на начин и под услови согласно дозволата.

Во членот 28 се врши подобрување и појаснување на текстот на законот дека за објектите и инсталациите за кои е потребно добивање на интегрирани еколошки дозволи, дозволата ќе се прибави согласно одредбите на Законот за животната средина како пропис во кој е уредено издавањето на интегрирани еколошки дозволи.

Во членот 29 зборовите градежен објект и градежна парцела се заменуваат со зборовите соседните парцела заради појасна примена на членот.

Во членот 30 се врши дополнување во однос на користење на подземните води за апсорпција на топлинска енергија, кон барателот доставува и проект за ре-инјектирање. Доколку барањето се поднесува за користење на вода за хидрогеолошки истражувања за прибирање на податоци барателот доставува и елаборат за вршење на хидрогеолошки истраги и топографска карта во размер 1:25.000, со координатно позиционирање на истражно поле.

Во членот 33 се додаваат две точки 33 со кои се врши дополнување во ставот и се наметнува обврска барањето за издавање на дозвола да се достави и до правните лица надлежни за снабдување со вода за консумирање од страна на човекот, за

подрачјата за кои се воспоставени заштитни зони согласно членот 98 од овој закон и правните и физичките лица кои согласно со прописите за заштита на природата се надлежни за управување со заштитените подрачја.

Во членот 38 и 40 се врши техничко доуредување на членовите.

Во членот 41 измени и дополнувањата на членот се во насока на појаснување за отпочнувањето со правното дејство на дозволата. Во членот е уредено дека дозволата отпочнува со правно дејство по добивањето на потврда за извршен преглед на објектите и постројките во поглед на исполнетоста на условите. Прегледот за објектите и постројките кои припаѓаат на прва категорија се врши согласно прописите за градба, додека за оние кои припаѓаат на втора категорија се врши од страна на Комисија формирана од МЖСПП.

Со измените и дополнувањата на членот 45 се допрецизира во кои случаи се врши изменување и дополнување на дозволата и потребните документи потребни за изменување и дополнување на дозволата за водно право.

Во член 46 се прави измена во однос на времетраењето на дозволата и истата наместо на десет години се издава на не повеќе од шест години.

Во членот 49 се врши дополнување на членот во случаите во кои може да се изврши ограничување на водното право. Членот се дополнува дека ограничување на водното право може да се случи и доколку: се загрозува постигнувањето на целите на животната средина определени за планскиот период во Планот за управување со речниот слив.

Во членот 51 се врши дополнување на одземањето на дозволата и се додаваат дополнителни случаи во кои може да се одземе дозволата и тоа: доколку не се достават податоци и пресметка за искористените количини на вода како и доколку носителот на дозволата не постапи во дадениот рок.

Во членот 52 се врши допрецизирање во однос на надоместот на штета со што се исклучува можноста за правото на надоместок за изгубена добивка.

Во членот 54 во постапката за доделување на концесија користење на вода се пропишува обврска покрај подготовка на образложен предлог да се подготви и физибилити студија за доделување на концесија за користење на вода изработена во согласност со прописите за доделување на концесии и јавно приватно партнерство. Образложениот предлог се доставува до Владата на Република Северна Македонија по претходно спроведена јавна расправа на физибилити студијата и обезбедено позитивно мислење од органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на земјоделството, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на економијата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на одбраната, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на културата, органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на внатрешните работи и Управата за заштита на културното наследство.

По членот 54 се додава нов член 54 -а кој се однесува на учество на јавноста во постапката за доделување на концесии. Со законот се наметнува обврска за објава на физибилити студијата на веб страната на МЖСПП и на веб страната на општината на чие што подрачје се доделува концесијата. МЖСПП има обврска да го покани невладиниот сектор да присуствува на јавната расправа како и да одржи јавна расправа на подрачјето на кое се доделува концесијата. МЖСПП има обврска да го објави записникот од јавната расправа на својата веб страна како и да подготви извештај од одржани јавни консултации.
Во членот 57 се менува временскиот период на кој се издаваат концесиите и за производство на електрична енергија во хидроелектирчни централи.
Во членот 58 во ставот (2) во алинеја 2 се менува концесискиот надоместок и истиот за полнење на вода во шишиња се наведува дека се плаќа секоја година во согласност со концесискиот договор.
Во членот 61, 63 и 65 се врши измена на насловот на Водостопанската основа односно истата се вика Водостопанска основа за интегрирано управување со води.
Во членот 66 се врши корекција во упатувањето на членовите во законот.
Во членот 70 се додава нов став со кој се пропишува обврска за усогласување на националниот план за управување со речен слив со прекуграничниот план за речен слив доколку таков постои.
Во членот 74 од Законот е пропишано дека органите на државната управа како и органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје кои, согласно со овој или друг закон, се надлежни за преземање на определени активности согласно програмата на мерки се должни самостојно или во согласност и/или соработка со друг надлежен орган, да ги преземаат сите потребни мерки заради остварување на целите на животна средина определни со Планот.
Во членот 75 се додава нова обврска со која се пропишува обврска МЖСПП еднаш на секои шест години да ја известува Владата на РСМ за спроведувањето на водостопанската основа, плановите за управување со речни сливови и Програмата на мерки, како и за Водостопанската основа.
Во членот 79 од предлог на законот се врши доуредување постапката за издавање на дозволи за испуштање кои се дел од интегрираните еколошки дозволи.
Во членот 80 се врши допрецизирање на алинеја 7 од ставот (7) на член 80 од предлог на законот со која се пропишува дека документот од последната серија лабораториски анализи на отпадната вода која се испушта во системот не смее да биде постара од шест месеци.
Во член 82 се прават технички подобрувања на членот.
Во членот 84 се врши измени и дополнувања на членот со кој се уредува начинот на измена и дополнување на дозволата за испуштање. Со измените и дополнувањата се врши допрецизирање на условите поради кои може да се бара измена и дополнување на дозволата за испуштање. Исто така се врши допрецизирање на документите кои се потребни да се доставaт во прилог заради изменување и дополнување на дозволата.

Во член 85 се менува временската важност на дозволата и тоа наместо сегашните десет години, рокот за кој се издава на шест години, како и се менува рокот за поднесување на барање за времетраење на дозволата наместо шест се става три месеци.
Во членот 87 се врши техничка корекција на законот.
Во членот 89 се врши допрецизирање во однос на надоместот на штета со што се исклучува можноста за правото на надоместок за изгубена добивка.
Во членот 90 со кој се уредуваат целите на животна средина за површински води како цел покрај другите се наведува и обезбедување на еколошкиот проток во водните тела.
Со цел појасно спроведување и допрецизирање на одредбите од членот 95 од предлог законот  за отстапување од целите за животна средина, истиот се менува со попрецизно наведување на причините поради кои може да дојде до отстапување од постигнување на целите за животната средина.
Во членот 98 се менува правниот основ во ставот (6) со кој се врши поедноставување на правниот основ за донесување на Регистарот на заштитни зони.
Во членот 99 се врши техничка корекција во членот.
Во членот 105 се додава нов став со кој се уредува начинот на употреба на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и биоцидални производи кои се вршат согласно зонирањето на природните езера и акумулациите.
Во членот 108 со кој се уредува работата на постројки и инсталации кои работат со опасни материи супстанции се врши дополнување на ставот (3) односно се допрецизира со упатување на одредбите од законот за животната средина кои се однесуваат на спречување и контрола на хаварии.
Во членот 111 од предлог на законот се прави промена на упатувањето наместо на ставот (8) се врши упатување на членот 92 со кој се пропишуваат целите за животна средина и начинот на управување со подземните води. Исто така направена е измена и во ставот (3) од истиот член со кој се наведува во кои случаи може да се дозволи испуштање на материи и супстанции односно само заради реинјектирање во истиот аквифер на води што се користат за геотермални намени, води што се испумпуваат од рудници и каменоломи или води што се испумпуваат при градежни работи и во други специфични случаи.
Во членот 114 се врши допрецизирање во точката 1 од ставот (1).
Во членот 120 се врши допрецизирање и замена на минимум проток со еколошки проток. Еколошкиот проток исто така е дефиниран и во дефинициите додадени со предлог на законот. Во овој член се менува и надлежниот орган за определување на мерните места односно наместо МЖСПП како досега истото се префрла во надлежност на Управата за хидрометеоролошки работи.
Во членот 123 и 126 од предлог на законот се врши усогласување на членовите во законот.
Во членот 130 се менува начинот на подготовка на известувањето за состојбата на нивото  и количеството на акумулираните води во акумулациите,  како и

количеството на водите што влегуваат и се испуштаат од нив наместо согласно методологијата која треба да биде подготвена од Министерот за животна средина и министерот за земјоделство ќе се врши согласно прописите за заштита и спасување.
Во ставот (5) е направена промена во однос на надлежноста за информирање за критичните водостои односно оваа обврска е дадена на Управата за хидрометеоролошки работи.
Во членот 132 во ставот (1) се прават терминолошки измени додека по ставот (2) се додава нов став (3) со кој се прецизира согласноста која ја издава МЖСПП за крајбрежниот појас на водотек вон населено место како и се пропишуваат документите кои треба да бидат доставени со цел издавање на согласноста.
Во законот се врши измена и дополнување на насловот на Главата V како и членот 142 со кој се уредува заштитата и подобрувањето на режимот на површинските водни тела. Досегашната дозвола за вадење на песок, чакал и камен се заменува со дозвола за уредување на бреговите и коритата на површинските водни тела кој се издава од стручниот орган. Додека пак за регулација на бреговите и коритата на површинските водни тела се врши врз основа на издадена водостопанска согласност согласно Законот за водите. Исто така во законот е наведено дека уредувањето и регулацијата на коритата и бреговите на површинските водни тела може да ги вршат правни лица кои поседуваат лиценца за градење согласно Законот за градење.
Во членот 142 -а кој се менува и гласи е пропишана документацијата за издавање на дозвола за уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела која се поднесува во прилог на барањето за издавање на дозвола.
Членот 142 – б е нов член кој со кој се пропишува постапката за издавање на дозвола за уредување на коритата и бреговите на површинските водни тела односно дека стручниот орган е должен барањето да го достави до другите засегнати органи.
Членот 142 – в ги уредува обврските за носителот на дозволата односно Водостопанствата и единиците на локална самоуправа се должни да се придржуваат до условите во дозволата, како и да водат дневник во кој се евидентира извадената количество на песок, чакал на дневна основа и други потребни податоци. Исто така носителот на дозволата е должен да достави геодетски елаборат за завршени активности во рок од три месеци од завршувањето на активноста.
Во член 142 – г се прават измени и во поглед на постапувањето со извадениот материјал при уредувањето на коритата и бреговите на површинските водни тела и е јасно прецизирано за што може да се користи и тоа: да се постави/распореди во истото водно тело без извлекување на бреговите, да се искористи за заштитни водостопански објекти или за редовна или вонредна заштита од поплави, со или без претходно извлекување на бреговите и да се користи за изградба на објекти и изведување работи од значење за Република Северна Македонија. Извадениот материјал кој нема да се искористи носителот на дозволата ќе може да го продаде

на слободен пазар, преку јавно наддавање, при што продажната цена на материјалот не може да биде помала од пазарната продажна цена на материјалот определена во согласност со прописите од областа на минералните суровини.
Во членот 144 се врши техничко допрецизирање на членот.
Во членот 145 обврската за пропишување на условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на сите мрежи за мониторинг на состојбата за водните тела останува да ја донесе Владата на Република Северна Македонија но на предлог на Управата за хидрометеоролошки работи.
Во членот 146 исто така надлежноста за мониторинг на целокупниот мониторинг на водните тела опфатени со државната мрежа за мониторинг, реализацијата, работењето, одржувањето и развојот се префрла на Управата за хидромереолошки работи.
Во членот 148 се менува ставот (11) со кој Министерството за здравство е надлежно да подготвува годишни извештаи за состојбата на водата наменета за консумирање од страна на човекот и истите да ги објавува на својата веб страна.
Во членот 150 обврската на МЖСПП за објава на извештаи за состојбата со испуштањето на отпадни води наместо на две се скратува на една година.
Во членот 155 се врши техничка корекција на членот.
Со измената на членот 161 конкретно ставот (5) се пропишува обврска за катастарот на загадувачи да биде јавно достапен на страната на МЖСПП.
Во членот 162, 163 и 164 се врши допрецизирање на одредбите во законот и нивно усогласување со претходните измени во предлог на законот.
Во членот 165 се додава нов став (3) со кој се пропишува обврска за правното или физичкото лице коешто зафаќа вода од површински водни тела да постави и одржува соодветни постројки (рибни патеки) во исправна состојба согласно најдобрите достапни практики или техники заради непречено движење на рибите.
Во членот 166 се врши техничка корекција на членот заради усогласување со другите членови на предлог на законот.
Во членот 167 се врши допрецизирање во ставот (1) од предлог на законот.
Во членот 174 во ставот (5) се пропишува дека за сите објекти за кои е потребно издавање на дозвола за користење односно дозвола за испуштање, издадените дозволи ја заменуваат водостопанската согласност.
Членот 179 се менува во насока на допрецизирање на рокот на важноста на водостопанската согласност. Водостопанската согласност ќе престане да важи доколку инвеститорот во рок од една година од издавањето на водостопанската согласност не обезбеди одобрение за градење согласно Законот за градба, како и истата престанува да важи до престанување на одобрението за градба. Доколку за објектите не е потребно добивање на одобрение за градење, водостопанската согласност престанува да важи во рок од две години од денот на нејзиното издавање.
Измените во членот 183 став (4) се во насока на допрецизирање на членот.
Измената и дополнувањето во членот 191 е заради усогласување со законот за водостопанства.

Со измената и дополнувањето на членот 198 се дава правна основа за пропишување на подзаконски акт за формата и содржината на елаборатот за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните и акумулациите.
Одредбите од членот 192 се брише заради усогласување на постојното национално законодавство.
Со измената во членот 200 се врши усогласување со членот 195 од предлог на законот.
Во членот 202 се брише став (2) со што се брише обврската за донесување на подзаконски акт додека обврската за известување и понатаму останува.
Со членот 208 се прави измена на начинот на плаќање на надоместокот и се упатува на членот 142 – г од предлог на законот.
Во членот 213 од предлог на законот се направени измени во делот на наплатата на надоместокот за:

- производство на електрична енергија и истиот и понатаму изнесува 1% но наместо од производствената цела истиот се наплаќа од продажната на еден киловат час на прагот на електраната кај хидроелектричните централи. Ваквиот начин на пресметка на надоместокот ќе овозможи поедноставна и воедначена постапка за пресметка на надоместокот од причина што продажната цена на електрична е утврдена за разлика од производствената која ја утврдува секој поединечно.
- флаширање на вода за комерцијални потреби наместо „0,5% од утврдената продажна цена на производот“ се пропишува да биде 2% од утврдената цена во јавен водоснабдителен систем. Во ставот (18) се менува и начинот на наплата на надоместокот и истиот се наплаќа од денот на искористување на водата за флаширање и истиот се уплатува на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на месечно ниво. Ваквиот начин на наплата на надоместокот се врзува за искористеноста на водата а не за продажбата на истата без одглед колку е продадено.
- Водата која се користи за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици наместо 3% се менува во 1% по килограм од продажната цена на рибата односно птицата при пуштањето во промет.

Со додавање на нов став (31) се пропишува обврска за обврзниците еднаш месечно во текот на месец март во тековната година да достават до МЖСПП извештај за искористена вода за претходната година и податоци за пресметани и уплатени надоместоци.
Со измената на членот 215 став (2) се менува со цел усогласување на претходните измени во предлог на законот.
Исто така се додава нов став со кој се наметнува обврска обврзникот за плаќање на надоместокот односно носителот на дозволата за уредување и водостопанска согласност за регулација коритата и бреговите на површинските водни тела до МЖСПП во текот на месец март во тековната година да достави податоци за

извадениот песок, чакал и камен и пресметка на надоместокот за претходната година.
Со член 218 се пропишува обврска за реализација на Програмата да се врши единствено од МЖСПП а не и од други органи.
Со членот 223 од предлог на закон се дефинира мандатот на членовите во советот за управување со речни сливови кој изнесува 6 години.
Во членот 230 се додадена надлежност на водостопанскиот инспектор во однос на можноста за надзорот
Во делот на инспекциски надзор во членот 232 се додаваат надлежности и на државниот инспектор за природа да врши надзор во заштитени подрачја.
Надлежностите на државниот инспектор за природа се пропишани во членот 232 – а од предлог на законот.
Со член 233 се врши проширување на надлежностите на овластениот инспектор за животна средина.
Измените на членот 234 се со цел усогласување со претходните измени и дополнувања во предлог на законот.
Со измените на членот 235 и 237 се допрецизираат надлежностите на државниот инспектор за земјоделство и санитарно – здравствениот инспектор.
Подзаконските прописи кои произлегуваат од предлог на законот ќе се подготват во рок од една година од влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Сите решенија наведени во законот се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените решенија во законот се во насока на допрецизирање и дообјаснување на предлог на законот во делот на издавање на дозволи за водно право. Со промена на начинот на заштита и подобрување на режимот на водите ќе се овозможи порегулиран начин на вадење на песок, чакал и камен со што ќе се придонесе кон намалување на користењето на материјалот од коритата и речните корита на површинските водни тела. Исто така, обврската за изработка на физибилити студија во текот на постапката за доделување на концесија за користење на вода ќе овозможи поголема транспарентност на процесот за доделување на концесии за користење на вода. Сите овие измени и дополнувања се насочени кон подобро и поодржливо користење на водните ресурси.